ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА 2025

# РЕСУРСЕН ЦЕНТАР НА РОДИТЕЛИ НА ДЕЦА

# СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

“Васко Карангелески” бр 33,
1000 Скопје
+389 78 449 852, +389 78 449 851
resursen.centar@yahoo.com
www.resursencentar.mk

Подготвен од: Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби

**Декември, 2025 Скопје**

## ВОВЕД

Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потреби е формиран уште 2012-та година (активно започнува со работа во 2014 година) како родителска организација со мисија да им служи на сите деца со посебни потреби и нивните семејства преку обезбедување на поддршка, помош, пристап до информации, обезбедување на остварување на нивните права и овластувања во сите сегменти на животот, успешна социјална инклузија и подигнување на јавната свест и одговорност.

Инициран, формиран и воден од родители на деца со посебни потреби, а замислен како национален родителски сервис кој им служи на родителите и нивните деца со посебни потреби, Ресурсен Центар делува како партнер на родителите, на здруженија кои чии активности и делување се однесуваат на децата со посебни потреби, но едновремено и на институциите кои работат на подобрување на условите на животот на децата со посебни потреби.

## МИСИЈА НА РЕСУРСНИОТ ЦЕНТАР

Да им служи на сите деца со посебни потреби и нивните семејства преку: обезбедување на поддршка, помош, пристап до информации, обезбедување на остварување на нивните права во сите сегменти на животот со цел - што поуспешна социјална инклузија, како и подигање на јавната свест и одговорност за постоењето на тие права.

## ВИЗИЈА

Вклучување – инклузија на децата со посебни потреби во сите области на заедницата, подигнување на свеста на заедницата, прифаќање на децата со посебни потреби како и воспоставување на ефикасен систем на здравствена и социјална заштита на децата, младите и лицата со посебни потреби.

## РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ

- Обезбеден пристап до систематизирани информации на локалните јазици на родителите на децата со посебни потреби преку социјалните платформи и in vivo;
- Организирани 3 обуки за наставниците, 2 лекарите и 7 за родителите на децата со посебни потреби;
- Организирани 5 обуки и помош на родителите во системите за застапување на потребите на нивните деца;
- Обезбедена психолошка помош и обуки за само-помош на родителите на децата со попреченост;
- Покрената иницијатива за обезбедување на поширок пристап до третмани за деца со посебни потреби;
- Тековно и во склоп на сите активности е работено и е промовирана социјална инклузија, образовна инклузија, општествена и економска инклузија

- Тековно преку социјалните медиуми и јавните настапи на локално ниво едуцирана општата популација во правец на подигање на јавната свест во однос на прашањето на деца со посебни потреби;

- Реализирана соработка и трибини со слични организации;

- Промовирани принципите на сеопфатност (сите пречки) и достапност; се со цел да се обезбеди достоинствен живот на децата/лицата со посебни потреби во заедницата во која живеат преку членот во НКТ за имплементација на Конвенцијата за лица со посебни потреби;

- Организирани 5 едукации за воспитувачите и родителите на деца со типичен развој во претшколски институции-градинки за подобра социјална инклузија и прифаќање на децата со посебни потреби;

- Испорачување на социјална услуга, Помош и нега во домот во три активни подружници на Ресурсен центар кои опфаќаат 3 општини, Битола, Велес и Гостивар;

- Склучување на Управен договор со МСПДИМ за реализација на доделените средства за обезбедување на социјалната услуга – Помош и нега во домот;

- Проширување со негователи за испорачување на социјалната услуга, Помош и нега во домот во постоечките општини;

- Отворање на нови 9 подружници во Крушево, Прилеп, Д. Хисар, Св. Николе, Кавадарци, Неготино, Валандово, Гевгелија и Кичево.

- Вработување на 9 координатори;

- Аплицирање за проширување на лиценцата за испорачување на социјалниот сервис Помош и нега во домот во 9 новоотворени подрушници и барање за проширување за 10 негователи за општина Маврово Ростуше во склоп на Подружница 1 – Гостивар;

- Активно учество во процесот на корегирање и услогласување на законската регулатива со Конвенцијата за лица со посебни потреби;

- Интензивна соработка со КСЗД врз основа на потпишан меморандум за соработка;

- Потпишан Меморандум за соработка со МВР и врз основа на истиот реализирани обуки на Млади полициски кадети во Центарот за обука при МВР.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИТЕ ВО 2025

- Аплицирање на проекти кои се релевантни за подобрување на услугите/сервисите кои го подобруваат животот на лицата, децата со попреченост и сите кои имаат потреба, во сите животни сфери: социјален живот, образование, здравство итн.
- Аплицирање на проекти преку кои ќе се реализираат активности и ќе го зајакнат здружението.
- Аплицирање на проект на ИПА.
- Аплицирање на повик во склоп на ЕРАСМУС програмите.
- Дизајнирање и имплементација на активности кои ќе влијаат на подобрување на законската рамка релевантна за децата и лицата со попреченост (изготвување на предлог решенија и нивно барање за имплементација), но и на сите полиња кои се однесуваат на заштита на човековите права - генерално.

- Организација и реализација на 3 психолошки обуки - едукации за семејства со деца со посебни потреби со поканети професионалци (претставници од здруженија, претставници од Млади правници и наставници од одделенска настава).
- Одржани 10 презентации за промоција на Ресурсен Центар.
- Одржување на соработка со организации чии активности се однесуваат на подобрување на животот на лицата / децата со посебни потреби и нивните семејства преку средби, учество на форуми, конференции, обуки итн.
- Зајакнување на инклузијата во образованието со изнаоѓање на можни решенија за обезбедување и организација на асистенти за учениците со попреченост, како и претставување на нови методи и техники на работа со ученици со попреченост за наставниците од предметната настава (презентирање на методи и техники од други земји).
- Давање на индивидуална психо-социјална поддршка на родители на деца со посебни потреби од страна на обучени психолози и родители.
- Одржување и зајакнување на постоечката платформа за активна комуникација (веб страната, ФБ страната и ФБ затворената група Посебни родители) со дисеминација на нови информации за РЦ, активностите кои ги спроведува и новости кои се важни за родителите на лицата / децата со попреченост.
- Присуство на семинари, конференции, обуки и форуми организирани од здруженија и институции .
- Одржување на активна СОС линија за повици .
- Интензивирање и зајакнување на соработката со институциите во РМ (Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за здравство, Министерство за образование, Биро за развој на образованието, Народен Омбудсман, локална самоуправа - општини, центри за социјална работа, заводи, училишта, дневни центри итн.) за имплементација на правата на лицата со попреченост.
- Застапување во име на децата и лицата со попреченост во сите случаи кога родителите ќе пријават проблем и побараат помош (преку средби и медијација со институции, стручни служби итн.).
- Давање на поддршка на родителите на лицата со попреченост преку достапност до правна помош во случаи кога им е потребна (зајакнување на соработката со Асоцијацијата на Млади правници и други здруженија, особено оние кои нудат бесплатна правна помош).
- Проширување на мрежата на партнерски здруженија со потпишување на Меморандуми за соработка со здруженија и организации за понатамошни заеднички активности.
- Статистичка обработка со наратив на досегашните податоци од дата базата, кои ќе претставуваат основ за евалуација на состојбите и појдовна точка во оценување на имплементирани политики на институциите во иднина.
- <u>Поднесено Барање и документација за проширување на бројот на лиценцирани негователи на социјалната услуга Помош и нега во домот за 9 нови подружници во Крушево, Прилеп, Д. Хисар, Св. Николе, Кавадарци, Неготино, Валандово, Гевгелија и Кичево, со вкупно 90 негуватели.</u>
- <u>Поднесено Барање и документација за проширување на бројот на лиценцирани негователи на социјалната услуга Помош и нега во домот во Подружница 1 – Гостивар со 10 негователи за територијата на општина Маврово Ростуше.</u>
- Мапирање и воспоставување на комуникација со потенцијалните корисници за социјалната услуга Помош и нега во домот во четири активни подружници на Ресурсен центар кои опфаќаат 4 општини, Битола, Велес, Гостивар и Скопје.

- Добиено Решение со арх. Бр. 10-3333/4 од 25.05.2023 од Министерството за труд и социјална политика со кое се дава дозвола на Здружението за вршење дејност во социјалната заштита, обезбедување на услугата-Помош и нега во домот преку подружниците на Здружението во Гостивар, Битола и Велес. Добиено и Решение со архивски број 10-3333/12 од 20.09. 2023 за изменување и дополнување на решение бр.10-3333/4, за 12 негователи во Подружница 1- Гостивар, за 10 негователи во Подружница 2- Битола и за 15 негователи во Подружница 3 – Велес.
- Решение со арх.бр. 10 – 4648/4 од 06.10.2025 од Министерството за социјална политика, демографија и млади со кое се дава дозвола за вршење дејност во социјалната заштита, обезбедување на услугата-Помош и нега во домот за Подружница бр. 4 Скопје за 7 негователи.
- Решение со арх.бр. 10 – 4648/4 од 06.10.2025 од Министерството за социјална политика, демографија и млади со кое се проширува дозволата за вршење дејност во социјалната заштита, обезбедување на услугата-Помош и нега во домот за Подружница бр. 1 Гостивар за 11 негователи, вкупно 23 негователи.
- Склучен Управен договор со МТСП со архивски број **10-4784/27 од 04.08.2023 год. за реализација на доделените средства за обезбедување на социјалната услуга во домот-помош** и нега во домот во трите подружници.
- Испорачана услуга, Нега и грижа во домот врз основа на **Управен договор потпишан со МТСП на 04.08.2023**
- Испорачана услуга, Нега и грижа во домот врз основа на **Управен договор потпишан со МТСП на 22.01.2024**
- Испорачана услуга, Помош и нега во домот врз основа на **Управен договор потпишан со МСПДИМ на 30.01.2025**

**Реализација на испорачана социјална услуга Помош и нега во домот, во часови и број на корисници по Подружници во период од 01.01.2025 – 31.12.2025**

**Здружението на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје-Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 1 (Ресурсен центар- подружница Гостивар)**

*Табела 1. Испорачани часови по број на корисници во подружница Гостивар*

| | Бр. на корисници | Часови |
|---|---|---|
| Јануар | 33 | **1920** |
| Февруари | 34 | **1990** |
| Март | 32 | **2160** |
| Април | 33 | **2200** |
| Мај | 32 | **2120** |
| Јуни | 34 | **2264** |
| Јули | 31 | **2160** |
| Август | 32 | **2160** |
| Септември | 32 | **2160** |
| Октомври | 32 | **2160** |
| Ноември | 33 | **2160** |
| Декември | 31 | **2160** |




*Дијаграм 1.  Графички приказ на испорачани часови по број на корисници во подружница Гостивар*

*Табела 2. Дистрибуција на решенија врз основа на одобрени часови*

| Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декември | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 32 | 33 | 32 | 32 | 31 | 31 | 32 | 32 | 33 | 33 | 33 | 32 | Број на решенија по кои се испорачува сервис |
| 17 | 16 | 17 | 16 | 17 | 18 | 16 | 16 | 14 | 14 | 15 | 15 | Број на решенија со 80 часа |
| 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 4 | 4 | 4 | 5 | 6 | 3 | 3 | Број на реченија со 60 часа |
| 11 | 11 | 10 | 10 | 10 | 6 | 8 | 8 | 11 | 9 | 12 | 13 | Број на решенија со 40 часа |
| 3 | 4 | 3 | 3 | 2 | 3 | 4 | 4 | 3 | 4 | 3 | 1 | Број на реченија со 20 часа |
| 32 | 33 | 32 | 32 | 31 | 31 | 32 | 32 | 33 | 33 | 33 | 32 | Вкупно 386 |




*Дијаграм 2. Графички приказ на дистрибуција на решенија врз основа на одобрени часови*

**Здружението на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје-Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 2, (Ресурсен центар- подружница Битола)**

*Табела 3. Испорачани часови по број на корисници во подружница Битола*

| | Бр. на корисници | Часови |
|---|---|---|
| Јануар | 36 | 1 718 |
| Февруари | 36 | 1723 |
| Март | 36 | 1745 |
| Април | 34 | 1745 |
| Мај | 33 | 1633 |
| Јуни | 33 | 1665 |
| Јули | 33 | 1641 |
| Август | 32 | 1493 |
| Септември | 34 | 1552 |
| Октомври | 34 | 1645 |
| Ноември | 35 | 1466 |
| Декември | 31 | 1625 |




*Дијаграм 3.  Графички приказ на испорачани часови по број на корисници во подружница Битола*

*Табела 4.  Дистрибуција на решенија врз основа на одобрени часови*

| Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декември | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 36 | 36 | 36 | 34 | 33 | 33 | 33 | 32 | 34 | 34 | 35 | 31 | Број на решенија по кои се испорачува сервис |
| 10 | 11 | 10 | 10 | 11 | 10 | 10 | 9 | 9 | 10 | 11 | 12 | Број на решенија со 80 часа |
| 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | Број на решенија со 60 часа |
| 20 | 20 | 21 | 20 | 18 | 19 | 19 | 19 | 20 | 19 | 18 | 15 | Број на решенија со 40 часа |
| 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | Број на решенија со 25 часа |
| | | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | Број на решенија со 20 часа |
| 4 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | Број на решенија со 10 часа |
| 72 | 72 | 71 | 68 | 66 | 66 | 66 | 64 | 68 | 68 | 70 | 62 | Вкупно<br>386 |




*Дијаграм 4. Графички приказ на дистрибуција на решенија врз основа на одобрени часови*

**Здружението на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје-Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 3, (Ресурсен центар- подружница Велес)**

*Табела 5. Испорачани часови по број на корисници во подружница Велес*

| | Бр. на корисници | Часови |
|---|---|---|
| Јануари | 45 | 2205 |
| Февруари | 48 | 2065 |
| Март | 47 | 2201 |
| Април | 49 | 2298 |
| Мај | 48 | 2332 |
| Јуни | 48 | 2360 |
| Јули | 48 | 2346 |
| Август | 47 | 2329 |
| Септември | 46 | 2300 |
| Октомври | 47 | 2320 |
| Ноември | 47 | 2357 |
| Декември | 45 | 2336 |




*Дијаграм 5. Графички приказ на испорачани часови по број на корисници во подружница Велес*

*Табела 6. Дистрибуција на решенија врз основа на одобрени часови*

| Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декември | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | 48 | 47 | 49 | 48 | 48 | 48 | 47 | 46 | 47 | 47 | 45 | Број на решенија по кои се испорачува сервис |
| 14 | 13 | 13 | 13 | 14 | 14 | 14 | 14 | 14 | 15 | 15 | 16 | Број на решенија со 80 часа |
| 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | Број на решенија со 60 часа |
| 15 | 17 | 18 | 21 | 19 | 19 | 19 | 19 | 20 | 20 | 20 | 18 | Број на решенија со 40 часа |
| 12 | 14 | 12 | 11 | 11 | 11 | 11 | 11 | 9 | 9 | 9 | 8 | Број на решенија со 20 часа |
| | | | | | | | | | | | | Вкупно<br>565 |




*Дијаграм 6. Графички приказ на дистрибуција на решенија врз основа на одобрени часови*

- Во текот на 2025 година, врз основа на просек на годишно ниво на **111** крајни корисници по добиени решенија од Меѓуопштински центри за социјална работа, во три општини Гостивар, Битола и Велес испорачани се вкупно **73 263** часови социјална услуга Помош и нега во домот од страна на 37 негуватели вработени/ ангажирани од страна на Ресурсен центар.

*Табела 7. Вкупно испорачани часови на корисници на ниво на РЦ*

| МЕСЕЦ | БРОЈ НА КОРИСНИЦИ | ЧАСОВИ |
|---|---|---|
| Јануари | 114 | 5,843 |
| Февруари | 118 | 5,778 |
| Март | 115 | 6,106 |
| Април | 116 | 6,243 |
| Мај | 113 | 6,085 |
| Јуни | 115 | 6,289 |
| Јули | 112 | 6,147 |
| Август | 111 | 5,982 |
| Септември | 112 | 6,012 |
| Октомври | 113 | 6,125 |
| Ноември | 115 | 5,983 |
| Декември | 107 | 6,121 |
| **ВКУПНО / ПРОСЕК** | 110.8 (просек) | 73,263 (вкупно) |




*Дијаграм 7. Графички приказ на вкупен број на корисници и часови*

Во Програмата за работа за 2025 год. било проектирано:

“Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби со вкупно 37 негователи планира во 2025 година социјалната услуга Помош и нега во домот да ја обезбеди на 125 корисници на месечно ниво со вкупно испорачани 5.675 часови услуга месечно или на годишно ниво испорачан сервис на  1.500 корисници и  68.100  часови социјален сервис “Нега и грижа во домот” годишно на национално ниво. “

Врз основа на компаративна анализа на планирани часови на испорачување на социјален сервис Помош и нега во домот за 2025 год во корелација со реално реализирани часови на испорачан сервис Помош и нега во домот може да се констатира оптимална ефикасност од 94.29% во искористувањето на човечките ресурси на Ресурсен центар. Отстапката е реално очекувана варијабила која е резултат на административно технички процедури, осилации во расположивоста на негувателите и користење на одмори и отсуства во согласност со ЗРО.

**Анализа на податотоците од спроведената евалуација за задоволството на корисниците од добиената услуга**

**/корисници на кои се уште им се испорачува услуга/**

**3.1.Општи податоци за корисници**

По возрасна структура

| Возраст | Број на корисници |
|---|---|
| Од 18 – 30 години | 4 |
| Од 31 – 50 години | 3 |
| Од 51 – 70 години | 15 |
| Над 70 години | 85 |
| **Вкупно** | **107** |

По етничка припадност

| Народност | Број на корисници |
|---|---|
| Македонци | 94 |
| Албанци | 13 |
| Турци | |
| Роми | |
| Друго | |
| **Вкупно** | **107** |

По место на живеење

| Град/населба/ село | Број на корисници |
|---|---|
| град | 98 |
| село | 9 |

**3.2.Податоци за видот на корисници кои ја користат услугата**

По видот на попреченост

| Вид на попреченост | Број на корисници |
|---|---|
| Средна и тешка ментална попреченост | 3 |
| Мултиплекс склероза | 3 |
| Алцхајмер | 20 |
| Церебрална парализа | 1 |
| Сензорна попреченост | 9 |
| Попреченост врз основа на возраст | 38 |
| Комбинирани пречки | 9 |
| Друго | 24 |
| **Вкупно** | **107** |

| Нумеричка збирна оценка на сервисот | Број на корисници |
|---|---|
| 1/ незадоволителен/ | |
| 2/ задоволително/ | |
| 3/ добро/ | |
| 4/ задоволен/ | 13 |
| 5/ највисоко задоволство/ | 94 |

| **Прашање** | **Оценка** | **Број на корисници** |
|---|---|---|
| Услугата Помош и нега во домот ми помага во секојднавното живеење | 5 | 107 |
| Негователот/та го почитува договореното време за престој во мојот дом | 4.9 | 107 |
| Негователот/та професионално ги извршува сите предвидени активности запишани во Договорот за давање на услугата | 4.8 | 107 |
| Негователот/та е чист/а и носи униформа за работа додека ги дава професионалните услуги | 4.9 | 107 |
| Имам доверба во негователот/та | 4.8 | 107 |
| Се чувствувам пријатно во времето поминатао заедно со негователот/та | 4.9 | 107 |
| Негователот/та не покажува дискриминација по ниту еден основ (пол, национална и верска припадност, попреченост и сл. | 5 | 107 |
| Оценка за професионалниот однос на негователот/та | 4.9 | 107 |
| Оценка за комуникацијата со негователот/та | 4.8 | 107 |
| Оценка за негата дадена од негователот/та во доменот на извршување на основните активности (одржување лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, користење тоалет) | 5 | 107 |
| Оценка за негата дадена од негователот во доменот на извршување на инструменталните активности (поддршка при чистење, перење, готвење, купување продукти, надворешна | 4.8 | 107 |

| | | |
|---|---|---|
| мобилност, земање медицинска терапија, користење телефон и помош во управување со буџет | | |
| Оценка за целокупната нега и грижа која ја добивам со услугата Помош и нега во домот | 5 | 107 |
| Оценка на соработката со раководните и координаторски структури на Организацијата | 4.9 | 107 |

Врз основа на добиените резултати од спроведената анкета со **107** корисници на кои се испорачува социјалната услуга Помош и нега во домот, квалитетот на услугата е оценет со просечна оценка **4.9** што укажува на исклучително високо ниво на задоволство од испорачаниот сервис.

**Анализа на податотоците од спроведената евалуација за задоволството на корисниците од добиената услуга**

**/корисници на кои услугата веќе не им се испорачува/**

| Нумеричка збирна оценка на сервисот | Број на корисници |
|---|---|
| 1/ незадоволителен/ | / |
| 2/ задоволително/ | / |
| 3/ добро/ | / |
| 4/ задоволен/ | 2 |
| 5/ највисоко задоволство/ | 22 |

| Прашање | Оценка | Број на корисници |
|---|---|---|
| Услугата Помош и нега во домот ми помогна во секојднавното живеење | 5 | 24 |
| Негувателот/та го почитуваше договореното време за престој во мојот дом | 5 | 24 |
| Негувателот/та професионално ги извршуваше сите предвидени активности | 5 | 24 |

| | | |
|---|---|---|
| запишани во Договорот за давање на услугата | | |
| Неговителот/та е чист/а и носи униформа за работа додека ги дава професионалните услуги | 4.9 | 24 |
| Имам доверба во неговителот/та | 4.9 | 24 |
| Се чувствувам пријатно во времето поминатао заедно со неговителот/та | 5 | 24 |
| Неговителот/та не покажа дискриминација по ниту еден основ (пол, национална и верска припадност, попреченост и сл. | 5 | 24 |
| Задоволен/на од професионалниот однос на неговителот/та | 5 | 24 |
| Задоволни од комуникацијата со неговителот/та | 4.9 | 24 |
| Задоволен/на од негата дадена од неговителот/та во доменот на извршување на основните активности (одржување лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, користење тоалет) | 5 | 24 |
| Задоволен/а од негата дадена од неговителот во доменот на извршување на инструменталните активности (поддршка при чистење, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија, користење телефон и помош во управување со буџет | 5 | 24 |
| Задоволен/на сум од целокупната нега и грижа која ја добивав со услугата Помош и нега во домот | 4.9 | 24 |
| Би го препорачале Ресурсен центар на родителио на деца со посебни потреби како квалитетен давател на социјални услуги на други корисници | 5 | 24 |

Врз основа на добиените резултати од спроведената анкета со **24** корисници на кои повеќе не се испорачува социјалната услуга Помош и нега во домот, квалитетот на услугата е оценет со просечна оценка **4.96** што укажува на исклучитечно високо ниво на задоволство од испорачаниот сервис.

Причини за прекин на испораката на социјалната услуга

| Причина | Број на корисници |
|---|---|
| Смрт на корисникот | 9 |
| Подобрување на состојбата | / |
| Незадоволство од испорачана социјална услуга | / |
| Трансфер на корисникот кај друг лиценциран давател на социјална услуга | / |
| Друго | 15 |

Скопје, Декември 2025

Претседател

Радмила Цветковска